# ЕТИЧКИ КОДЕКС

## (ПРАВИЛА) НА ОДНЕСУВАЊЕ НА АТЛЕТИЧАРИ, ТРЕНЕРИ И ОФИЦИЈАЛНИТЕ ЛИЦА НА АТЛЕТСКАТА ФЕДЕРАЦИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој Кодекс (правила) се утврдува и пропишува однесувањето на атлетичарите, членовите на државната репрезентација и официјалните лица на Атлетска федерацијата на Република Македонија при нивното учество на

- Олимиски игри, светски, европски, балкански првенства, медитерански натпревари и други меѓународни првенства и турнири, Државни натпревари;
- подготовки на репрезентацијата;
- јавни настапи во времето на вршење на функција на Атлетска федерацијата на Македонија, како претседател или член на комисија, тренер на репрезентација, судија и официјално лице на АФМ.

Непридржувањето на овој кодекс (правила) на однесување може да има последица на одстранување од член на репрезентацијата, официјалната делегација, како и утврдување на дисциплинска одговорност и изрекување на соодветна санкција .

Член 2

Официјалната делегација на АФМ на меѓународните првенства во организација на АБАФ, ЕАА, ИААФ, МАУ, ИОК и другите меѓународни првенства и турнири ја одредува Извршниот одбор на АФМ и таа по правило се состои од:

- државните репрезентативци,
- тренерите на државната репрезентација и нивните помошници,
- делегат на Конгрес,
- шеф на делегација,
- лекар,
- судии,
- други лица кои ќе ги одреди Извршниот одбор, како член на Извршен, член на Стручниот совет, претставник од комисија за информирање, стручното лице во АФМ, новинари, одреден број на тренери и др.

Член 3

Секој член на државната репрезентација и официјално лице на Атлетска федерацијата на Република Македонија е обврзан да:

- Ги почитува начелата и нормите на IAAF, ЕАА, ABAF и АФМ; честа и угледот на Атлетскиот спорт и достојно да ја презентираат Република Македонија во најдобро издание на спортските терени и надвор од него.
- Патува на натпреварите во официјалната облека (одела или споретска облека-тренерка според одлуката на ИО) на Атлетска федерацијата на Македонија.
- Ги чува своите работи и работите на останатите членови на репрезентацијата и официјалните лица доколку се наоѓа во таква можност.

- Се придржува на куќниот ред на хотелот во кој е сместен.
- Не смее да им попречува во дневниот и ноќниот одмор на останатите членови на репрезентацијата и официјалните лица.
- Не смее да конзумира ниту еден облик на алкохол или други видови на опојни средства.
- Да се одбраќа према тренерот на репрезентацијата и останатите членови на делегацијата со почитување во согласност со правилата на ферплеј и почитување.
- Да укаже на друг член на репрезентацијата доколку се однесува недолично и за истото да го извести тренерот на репрезентацијата.
- Во своите јавни настапи во пишаните и електронски медиуми, или на друг начин на изразување, треба да води сметка за веродостојноста на изјавите и во ниту еден случај не смее да дава изјави или презема дејствија кои го нарушуваат угледот и честа на Атлетска федерацијата на Македонија.
- Да ги почитува и пријателски да се однесува со членовите од својата репрезентација и официјална делегација, како и на сите останати репрезентации и официјални делегации.
- Да ги почитува законите и обичаиите во земјата во која се наоѓа.

**Покрај наведините должности, атлетичар и членот на репрезентацијата е обврзан да:**

- Атлетичарот треба да биде солиден ученик, студент, работник, мора да има респект кон атлетичар, тренер, службено лице, родители, гледачи, и во никој случај да примени физичка сила, потценување, изречување на погрдни зборови;
- Према сите учесници на натпреварот ќе се однесува согласно правилата за ферплеј и респект, без разлика на неговиот пол, етничка припадност, раса и верска припадност или сексуална ориентација.
- Почитува обележјето на клубот за кој е регистриран и настапува, Атлетичар кој е во состав на репрезентацијата треба да ја знае македонската химна, мора да има респект кон националниот дрес и симболи ( химна, грб, знаме ) ;
- Присуствува на спортските терени каде што се одржува натпреварот во тренерка или спортска опрема на местото кое е одредено од тренерот на репрезентацијата или водачот на делегацијата.
- Присуствува на службеното постројување во репрезентатвна опрема со горниот дел на службената тренерка или со дозвола на тренерот на репрезентацијата само во тренерка .
- При секој настап е должен да го носи репрезентативната опрема на атлетскиот дрес со знакот на АФМ , амблемот на грбот на Република Македонија.

- На победничкиот пиедестал се постројува исклучиво со горниот дел на официјалната тренерка;

- Доаѓа во точно предвиденото време на местото на поаѓање на натпреварот, тренингот или состанокот со тренерот на репрезентација. Секое недоаѓање треба навреме да биде најавено и оправдано, а оправданоста ја цени **<u>ИО на АФМ а тренерот на репрезентацијата настанот задолжително го посочува во својот извештај.</u>** Недоаѓањето и ненајавувањето на повикот се смета за недисциплина и значи губење на местото во репрезентацијата;

- Ден пред настапот и останатите денови мора да биде во својата соба на задолжителен одмор заради рекомпензација и суперкомпензација и строго му е забрането да ги омета другите репрезентативци во истиот.

- Не смее да се движи надвор од официјалниот хотел и спортскиот терен освен кога станува збор за организирано излегување во кое што учествуваат сите членови во репрезентацијата .

- Доколку се наоѓа на спортскиот терен да ги бодри сите членови на репрезентацијата за време на настапот, т.е. за цело време да биде на спортскиот терен кога е неговата дисциплина како и кога другите репрезентативци настапуваат и се борат за медал;

- Со потпишување на пристапница за регистрирање во матичен атлетски клуб ги прифаќа обврските и почитување на сите нормативни акти на клубот и АФМ;

Член 4

Тренерите и Тренерите на државните репрезентации се одговорни за раководење и непосредно и самостојно работење со репрезентативните селекции како и за настапите на репрезентативните селекции, а за својата работа му одговараат на Стручниот совет и Извршниот одбор на Атлетска федерацијата на Македонија.

Тренерите на државните репрезентации се одговорни особено за вршење на следните работи:

- Предлага кандидати за состав на репрезентацијата, врз основа на постигнати резултати, согласно критериумите за избор на репрезентативец;
- Непосредно раководи со подготовките и тренажниот процес на репрезентацијата;
- Изработува и му предлага на Стручниот совет и Извршниот одбор на АФМ едногодишни и повеќегодишни планови и програми за работа на соодветната селекција;
- Поднесува детален извештај до Стручниот совет и Извршниот одбор на АФМ за реализраните подготовки и за учеството на натпреварот или првенството, по нивното завршување;
- Одредува кои натпреварувачи-ки ќе се појават на свеченото отворање на првенството;
- **<u>Води грижа за редот, дисциплината и однесувањето на репрезентативците за време на подготовките и настапот и не смее да им дозволува на поедини спортисти самостално излегување надвор од објектите и терените за подготовка и натпревари.</u>**
- Проверува дали сите репрезентативци имаат соодветна опрема;

- Проверува дали репрезентативецот при прогласувањето на победници е соодветно облечен и има државно знаме;
- Ја пријавува екипата на првенството и присуствува на технички соостанок, мерењето на справи и состанокот со сите селектори;
- Тренерот мора да има морални и етички вредности;
- Не смее никогаш да дозволи да биде воден од користољубие во својата работа пр, ( дело со малолетни атлетичари-ки и сл,);
- Тренерската работа ќе ја врши совесно и достоинствено, во ниеден случај не му е дозволено да направи што и да е со кое би ја намалил или зголеми физичката сила на атлетичарот со давање на недозволени средства;
- Должен е да ги почитува етичките норми во својата професија во однос тренер-тренер, тренер-атлетичар, тренер со останати спортски работници;
- Не смее во ниеден случај да биде корумпиран односно да прими мито од било каков вид на родител или атлетичар за да се стекне со статус атлетичар-репрезентативец;
- Води грижа за доследно почитување на одредбите од овој Кодекс од страна на секој натпреварувач, член на државната репрезентација.

Член 5

Делегатот на Федерацијата е највисока личност во делегацијата.

Делегат на Федерацијата може да биде претседателот, член на извршен одбор или друга личност што ќе ја одреди Извршниот одбор.

Заради рационалноста на трошење средства Извршниот одбор може да одлучи водачот на патот и делегатот на Федерацијата да биде една личност.

Делегатот на федерацијата особено е одговорен за извршување наследните обврски:

- Учествува на конгресот на ИААФ; ЕАА или АБАФ, учествува на приеми кои ги приредува организаторот, како и на други приеми од протоколарен карактер;
- Одговорен е, заедно со тренерот на државната репрезентација и водачот на патот за редот, дисциплината и достојното презентирање и претставување на Република Македонија;
- Поднесува писмен извештај до Извршниот одбор, за работата на конгресот, прашањата што се расправале и одлуките и заклучоците што се донесени на конгресот;
- Поднесува детален писмен извештај до Извршниот одбор, за реализација на патувањето, престојот и претставувањето на Република Македонија на првенството.
- Дава свое мислење за организацијата на патувањето, првенството и поднесува соодветни предлози;
- Води грижа за доследно почитување на одредбите од овој Кодекс од страна на секој натпреварувач, член на државната репрезентација и член на официјалната делегација.

Член 6

Шефот на делегацијата е одговорен за организација и реализација на патувањето и настапот, а особено за следните работи:

- Заедно со стручното лице во федерацијата прави резервација на авионски билети или обезбедува автобуски превоз, обезбедува хотелско сместување и обезбедува храна и освежителни пијалоци за време на патувањето и настапот.

- Ги подигнува сите документи потребни за патувањето;
- Проверува дали патните исправи на сите патници се исправни;
- Подигнува и носи финансиски средства потребни за патувањето;
- Подигнува и носи химна и најмалку две државни знамиња;
- Ги предава знамињата и химната на организаторот на првенството и ги подигнува по завршувањето на истиото;
- Води грижа за редот, дисциплината и однесувањето на репрезентативците и сите членови на делегацијата;
- Поднесува писмен извештај по завршувањето на патувањето до Извршниот одбор.

Член 7

Лекарот е обврзан и должен:

- Да се грижи за здравствената состојба на репрезентативците и другите членови на делегацијата;
- Во случај на повреда го придружува репрезентативецот при неговото лекување во болница;
- Води писмена евиденција за повредите на натпреварувачите;
- Дава писмен извештај до Извршниот одбор.

Член 8

Сите службени лица, по завршувањето на првенството или турнирот, должни се во рок од седум дена по доаѓањето да достават писмен извештај до Извршниот одбор.

Член 10

Толкување на одредбите од овој Кодекс (правила) дава Извршниот одбор на Атлетска федерацијата на Македонија.

Член 11

Измени и дополнување на овој Кодекс (правила) се вршат на начин и постапка како за негово донесување.

Член 12

Овој Кодекс (правила) стапува во сила со денот на неговото донесување.

Скопје 01.март.2014 год.

Атлетска федерација на Македонија

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Крсто Серафимовски

АТЛЕТСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА АФМ СКОПЈЕ